# Плакати – „Другарството не познава граници“

НАСТАВНИЦИ РЕАЛИЗАТОРИ: ИВАНА ЃОРЃИЕВСКА, ДАЛИБОР ЈОВАНОВСКИ, ИСМАИЛ БИЛАЛИ, БАШКИМ ЌЕРИМИ, ОУ „КОЧО РАЦИН“ – КУМАНОВО И ОУ „НАИМ ФРАШЕРИ“ – КУМАНОВО

**Одделение и предмет**
Шесто, седмо, осмо и деветто одделение (20 ученици – 10 МАК и 10 АЛБ)

**Тема од наставната програма и наставна единица**

**Преглед на активноста**
Учениците поделени во четири групи со мешан етнички состав изработуваат постери на тема „Другарството не познава граници“. За изработка и инспирација на постерите, учениците ги користат најдобро избраните 10 поетски и 10 ликовни творби/цртежи од претходно организирани литературен и ликовен конкурс за ученици во двете училишта на тема „Другарството не познава граници“.
Во секоја група има по еден претставник од избраните учесници на литературниот и ликовниот конкурс од двете училишта. Учениците во рамки на своите групи се договараат и осмислуваат дизајн на постер со кој ги претставуваат мултикултурните мотиви инспирирани од избраните творби од ликовниот и литературниот конкурс (преведени на двата јазици). Текстот со пораки за пријателство и другарство, кои учениците заеднички ги осмислуваат, е на двата јазика. На крај секој ученик во групата пишува еден збор на постерот преку кој го изразува своето чувство за работата и учеството во активноста. Сплотеноста на наставниците, нивната комуникација во опуштена атмосфера е добар модел и за учениците во текот на работата да соработуваат и заеднички да се договараат и да изнаоѓаат идејни решенија за постерот. Постерите беа изложени на поетското читање на кое учествуваа родители и наставници од двете партнерски училишта. Поетските творби што беа избрани на литературниот конкурс за најдобри, беа прочитани од страна на учениците автори. По поетското читање, учениците продолжија со дружење, разменија телефонски броеви, адреси за е-пошта, се спријателија на Фејсбук и искуствено сфатија дека имаат исти интереси, слични ставови и погледи.





# Pllakate – “Shoqëria nuk njeh kufij”

MËSIMDHËNËS REALIZUES: IVANA GJORGJIEVSKA, DALIBOR JOVANOVSKI, ISMAIL BILALLI, BASHKIM QERIMI, SHF “KOÇO RACIN” – KUMANOVË DHE SHF “NAIM FRASHËRI” – KUMANOVË

**Klasa dhe lënda**
Klasa e gjashtë, e shtatë, e tetë dhe e nëntë (20 nxënës – 10 MAQ dhe 10 SHQ)

**Temë nga programi mësimor dhe njësia mësimore**

**Pasqyra e aktivitetit**
Nxënësit e ndarë në katër grupe me përbërje të përzier etnike përpilojnë postera në temë “Shoqëria nuk njeh kufij”. Rreth punës dhe inspirimit për posterat nxënësit i shfrytëzojnë krijimet më të mira të zgjedhura: 10 krijime poetike dhe 10 krijime/vizatime të artit figurativ, nga konkursi letrar dhe figurativ i organizuar më parë për nxënësit në të dyja shkollat në temën “Shoqëria nuk njeh kufij”.
Në çdo grup ka nga një përfaqësues nga pjesëmarrësit e zgjedhur të konkursit letrar dhe figurativ nga të dyja shkollat. Nxënësit në kuadër të grupeve të tyre merren vesh dhe e definojnë disenjin e posterit, me të cilin i paraqesin motivet multikulturore, inspiruar nga krijimet e zgjedhura nga konkursi figurativ dhe letrar (përkthyer në të dyja gjuhët). Teksti me porosi për miqësi dhe shoqëri, të cilin nxënësit bashkë e formulojnë, është në të dyja gjuhët. Në fund, secili nxënës në grup shkruan një fjalë në poster, përmes së cilës e shpreh ndjenjën e vet për punën dhe pjesëmarrjen në aktivitet. Përbashkimi i mësimdhënësve, komunikimi i tyre në atmosferë të lirë, është model i mirë edhe për nxënësit që gjatë punës të bashkëpunojnë dhe bashkë të merren vesh dhe të gjejnë zgjidhje ideore për posterin. Posterat u ekspozuan në leximin poetik, ku morën pjesë prindër dhe mësimdhënës nga të dyja shkollat partnere. Krijimet poetike që ishin zgjedhur në konkursin letrar si më të mira u lexuan nga ana e nxënësve autorë. Pas leximit poetik, nxënësit vazhduan me shoqërimet, shkëmbyen numrat e telefonit, adresat e e-postës, u miqësuan në Fejsbuk dhe nga përvoja kuptuan se kanë interesa të njëjta, qëndrime dhe botëshikime të ngjashme.

